**ОПШТИНА ГРАДСКО**
ул.„Александар Македонски“ бр.70А Градско
Тел: +38943251522
Е-маил: gradsko@gradsko.gov.mk gradsko1@t.mk www.gradsko.gov.mk

УП бр.12-110
Бр.на постапка 58292
15.05.2024 година
Општина Градско

Врз основа на член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/2020 и 111/23), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 54 од Статутот на Општина Градско, („Сл. Гласник на општина Градско“ бр. 2/06, 7/21, 4/22 и 11/23 ), Градоначалникот на Општина Градско упатува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## За организирање на јавна презентација и јавна анкета по Предлог план Урбанистички план вон населено место Згрополци, за мултинаменски стопански комплекс во м.в. Тркало, КО Згрополци, Општина Градско

Се известуваат граѓаните, сите заинтересирани правни и физички лица од подрачјето опфатено со планот, подрачјата соседни на планскиот опфат, широката јавност, претставници на стручната јавност, претставници на органите на државната управа, претставници на единиците на локалната самоуправа, стручни лица од невладините организации и други стручни лица од областа што е релевантна за планирањето и за конкретниот плански опфат.

Границата на планскиот опфат е дефинирана помеѓу:
-Започнува на најсеверната точка на КП 294 и се движи кон југозапад по североисточната граница на КП 57/1 поминувајќи ја нејзината најзападна точка до најјужната точка на КП 263 и КП 268 од каде почнува да се движи по југозападните страни на КП 263 и КП 254/2, по што повторно доаѓа до КП 57/1 односно нејзината северозападна страна, па се до најсеверната точка на КП 294 од каде што започна планскиот опфат.

Опфатот е со површина од 333601м$^2$(33,36ха).
Јавната анкета и јавната презентација по Предлог план Урбанистички план вон населено место Згрополци, за мултинаменски стопански комплекс во м.в. Тркало, КО Згрополци, Општина Градско, ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во просториите на Општина Градско, преку информацискиот систем е-урбанизам, се објавува на веб-страната на општината и се огласува со печатени плакати и соопштенија во и околу подрачјето на планскиот опфат.

Јавната анкета ќе трае 30 дена од 31.05 до 29.06.2024 година од 7,30 до 15,30 часот во просториите на Општина Градско.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.
Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 14.06.2024 година во 13:30 часот во просториите на Општина Градско.

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско
Киро Нацков